Су.бр. 825/20

Согласно одлуката на Судски совет на РСМ од 17.03.2020 год. за постапување на судиите во РСМ во услови за зголемена опасност од вирусот Ковид 19 и одлуката за вонредна состојба од 18.03.2020 год. на Претседателот на РСМ и одлуката за мерки за спречување, на внесување и ширење на вирусот Ковид 19 на владата на РСМ В.Д. Претседателот на Основен суд Кочани на ден 30.03.2020 год го издава следното:

# С о о п ш т е н и е

За работа на судиите и судската администрација во услови на постоење на пандемија од вирус Ковид 19.

За време на постоење на вирусот Ковид 19 сите вработени во Основен суд Кочани се должни да ги почитуваат и праменуваат сите безбедносно здравствени наредби на претпазливост со кој се спречува внесување и ширење на Вирусот Ковид 19, а особено дезинфекција на чевлите, рацете, носење на маски кога имаат непосреден контакт со странки или вработени во судот.

Судскиот полицаец нема да дозволи влез во судот на никој без да се запазат и спроведат безбедносно здравствените мерки.

За време на вонредната состојба нема да се врши прием на странки, освен по предметите по кои судот постапува а се од итен карактер а тоа се предмети таксативно набројани во одлуката на Судскиот совет на РСМ бр. 02-606/1 од 17.03.2020 год. која е објавена на Веб странata на Судскиот совет на РСМ.

По однос на закажаните рочишта по кои се постапува и се од итен карактер кои се таксативно наведени во погоре спомената одлука странките и нивните полномошници телефонски да контактират со судиите по однос на тоа дали судењата ке се одржат .

Со цел обезбедување на лична заштита на странките и на вработените во судот и спречување на било каква инфекција од вирусот како и со цел да се намали и спречи било каков непосреден физички конктакт мегу странките и вработените во судот им се укажува на странките сите поднесоци да ги доставуваат електронски, доколку за тоа имаат технички услови и да го користат за информации судскиот порталодносно веб страната на Основен суд Кочани или поднесоците да ги праќат преку пошта.

Барањето за издавање на потврди од казнена евиденција и уверение од кривична евиденција како и други барања се доставуват по електронски пат, со поднесено барање со прилог на скенирана уплатница доколку за тоа постојат технички услови, а дополнително да ги достават преку пошта оригиналните барања и уплатница.

Барањата се креирани на веб страната на судот каде се наоѓат податоци за жиро сметката за уплата со наведениот износ.

Странките уверенијата и потврдите може да ги подигнат секој ден до 14,30 часот преку портирницата на судска полиција.

За било какви информации странките да го користат службениот телефон на судот 033-274-026 и и-маил адреса на судот oskocani@oskocani.mk.

ВД Претседател на судот
Зоран Глигоров